# Изборна програма на ВМРО-ДПМНЕ ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ 2013-2017

## ДЕЛ ОД ПРИОРИТЕТИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2013-2017 ГОДИНА

- Изградба на спортска сала во ОУ „Манчу Матак“.
- Поправка и санација на магистралниот пат Кривогаштани – Бучин (општина Крушево) – Вашареица (Општина Могила).
- Изградба и асфалтирање на улици во сите населени места во општина Кривогаштани.
- Изградба на едно повеќенаменско спортско игралиште во Кривогаштани.
- Изработка на Урбанистички план за населено место Кривогаштани, Воѓани, Подвис, Врбјани.
- Изградба на канализациска и на водоводна мрежа во село Обршани, Бела Црква и Воѓани, Крушеани, Славеј и Врбјани.
- Изградба на сточниот пазар, како и покривна конструкција на зелениот пазар, вклучувајќи го паркинг-просторот.
- Уредување на централните подрачја со различни содржини, паркови и поплочување во населените места.
- Изработка на планска документација за изградба на индустриска зона во село Славеј (КО Врбјани) и нејзино уредување.
- Поправка и санација на училишните згради и решавање на проблемите со греењето во ОУ „Манчу Матак“.

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

### Изградба на индустриска зона во село Славеј (КО Врбјани)

На влезот од селото Славеј, во рамки на поранешниот комплекс ЗИК „Кузман Јосифовски“ - Славеј, каде што веќе постојат преработувачки капацитети, на површина од десетина хектари е предвидена изградба на Индустриска зона „Славеј“. Во тек е изработка на урбанистички план воннаселено место. Од 2014 година, локациите Индустриска зона „Славеј“ ќе бидат објавени за продажба. За инвестирање во капацитети во индустриската зоната општината ќе обезбеди поволни услови, со што се очекува да се изградат економски објекти што ќе обезбедат нови работни места.

Рок на реализација: 2013-2015 година

### Континуирана поддршка на малите и на средните фирми со седиште во општината и поддршка за формирање нови мали и средни претпријатија и семеен бизнис

Општинската администрација континуирано ќе им излегува в пресрет на потенцијалните инвеститори и ќе обезбедува информации за ресурсите со кои располага општината (земјиште и слично), како и за погодностите што ги нудат централната и локалната власт за почнување бизнис.

Рок на реализација: континуирано

### Промоција на општинското стопанство

Засилувањето на соработката со општините Прилеп, Долнени, Крушево, Могила и другите соседни општини, пред сѐ во креирањето на стратегијата за локален економски развој на овој регион и засилување на економската соработка, како и негова заедничка меѓународна промоција.

Рок на реализација: континуирано

### Натамошно унапредување и промоција на производството на тутун и на рано-градинарски култури

Општина Кривогаштани е дел од проектот „Лидер Пелагонија“, во чиишто рамки се континуирано се врши обука на земјоделците за примена на современи агротехнички методи во земјоделството со цел унапредување на земјоделското производство.

Рок на реализација: континуирано

### Проект за развој на претприемачки вештини

Во партнерство со Агенцијата за вработување на Република Македонија, Општина Кривогаштани и понатаму ќе се залага за развој на претприемачки вештини на граѓаните. Во оваа насока, ќе продолжи одржувањето на семинари во соработка со деловниот клуб од Битола.

Рок на реализација: 2013-2017 година

### Изградба на покривна конструкција на зелениот пазар во Кривогаштани

Со цел подобрување на условите за стопанисување на зелениот пазар, ќе биде изградена покривна конструкција.

Рок на реализација: 2013 - 2014 година

# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

### Изградба на спортска сала во ОУ „Манчу Матак“

Во рамки на проектот „145 спортски сали”, а со цел поттикнување на правилен физички развој и поттикнување на спортскиот и натпреварувачки дух, кај младите ќе изградиме една спортска сала во ОУ „Манчу Матак“.

Рок на реализација: јули 2015 година

### Реконструкција на системот за греење во ОУ „Манчу Матак“

Со цел обезбедување просторни услови за одвивање квалитетна настава во основните и во средните училишта на територијата на Република Македонија, ќе продолжиме со реконструкција на училишната инфраструктура. Во општина Кривогаштани ќе извршиме реконструкција на системот за греење во ОУ „Манчу Матак“. Средствата ќе бидат обезбедени од Банката за развој при Совет на Европа и Владата на Република Македонија.

Рок на реализација: јули 2014 година

### Реновирање на подрачното училиште во село Годивле

Со проектот се предвидува изработка на основен проект и реконструкција на училишната зграда во село Годивле со што ќе се обезбедат подобри услови за работа на учениците и на вработените.

**Средства:** 1.900.000 денари (буџет на Општината)

Рок на реализација: 2014 – 2015 година

### Изградба на ограда на училишниот двор во село Крушеани

Со цел обезбедување поголема безбедност на учениците и на вработените ќе се огради училишниот двор во село Крушеани.

**Средства:** 450.000 денари (буџет на Општината)

Рок на реализација: 2014 – 2015 година

### Реновирање на подрачното училиште во село Славеј

Со проектот се предвидува изработка на основен проект и реконструкција на училишната зграда во село Славеј со што ќе се обезбедат подобри услови за спроведување на образовниот процес.

**Средства:** 1.800.000 денари (буџет на Општината)

Рок на реализација: 2015 – 2016 година

### Реконструкција на старата училишна зграда во Кривогаштани

Со проектот се предвидува изработка на основен проект и реконструкција на старата училишна зграда во Кривогаштани со што ќе се обезбеди простор за едносменско работење на ЦОУ „Манчу Матак“ во Кривогаштани.

**Средства:** 1.350.000 денари (буџет на Општината)

Рок на реализација: 2015 – 2016 година

### Бесплатен интернет во сите основни училишта

Рок на реализација: континуирано.

### Проект: „Општината ги наградува најдобрите“

Со цел да ги поттикнеме најдобрите ученици, средношколци и спортисти, како општинска администрација, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, во соработка со приватниот сектор и донатори, ќе обезбедуваме средства за наградување на најдобрите ученици, средношколци и спортисти.

Рок на реализација: континуирано

### Проект за опремување на училиштата и на училишните кабинети

Во насока на обезбедување квалитетна практична настава ќе ги доопремиме училиштата со потребните наставни материјали и алатки (со поддршка на Владата на Република Македонија).

Рок на реализација: континуирано

### Проект: „Превенција од девијантно однесување“

Целта на проектот е децата во училиштата, освен класичното образование, да добијат и неформално образование, кое дава посебен осврт на неколкуте големи проблеми на денешнината - насилството и пороците. Часовите што ќе бидат посветени на превенција од девијантно однесување ќе се одржуваат еднаш во текот на месецот од страна на педагошките и на психолошките служби во училиштата и од наставниците и ќе бидат организирани како дебата со учениците на која ќе можат да ги споделат своите размислувања за темата за која ќе се говори.

Рок на реализација: 2014 година.

### Проект: „Клупата во која седам - сведок засекогаш“

Целта на проектот е зачувување на училишниот инвентар преку едукација на децата.

Рок на реализација: континуирано

## СПОРТ И МЛАДИ

### Изградба на едно повеќенаменско спортско игралиште

Најдобар начин да се создадат услови за развој на масовниот спорт и на спортот за сите е преку изградбата на повеќенаменските спортски игралишта, кои ќе им бидат ставени на располагање на сите граѓани, за спортување, рекреирање и за натпреварување. Игралиштата ќе можат да се користат деноноќно и ќе бидат место за собирање и за дружење на младите генерации, како и основа за создавање здрава младина и одлична превентива од пороците на модерното живеење. Игралиштето ќе биде изградено во близина на ОУ „Манчу Матак“ (во соработка со Владата на Република Македонија и со Агенцијата за млади и спорт).

**Средства:** 6.000.000 денари

Рок на реализација: 2013- 2015 година

### Афирмирање на спортот и на спортската култура и поддршка за возобновување на ракомет, кошарка, одбојка, карате и на други спортови

Во насока на афирмирање на спортот и на спортската култура, активно ќе ги поддржуваме локалните спортски клубови и ќе организираме спортски активности и манифестации. Општината активно ќе ги поддржува фудбалските клубови Младост и Партизан Обршани, кои се натпреваруваат во Третата лига, како и другите помали клубови од општината.

Рок на реализација: континуирано

### Проект: Училишни лиги

Во општина Кривогаштани ќе се воведе постојана практика на организирање училишни лиги во различни спортови (фудбал, кошарка, ракомет и сл.), со цел најнапред да се одиграат натпревари меѓу различните одделенски екипи во едно училиште, по што најдобрите екипи ќе се квалификуваат за меѓуучилишни натпревари. Со воведувањето на училишните лиги ќе се поттикне натпреварувачкиот дух кај најголем дел на учениците и на ваков начин ќе се селектираат најдобрите спортисти во училиштата.

Рок на реализација: 2013-2017 година

**Поддршка на културните друштва Илинден од Кривогаштани и Пелагонка од Обршани**

Во овие културни друштва учествуваат голем број млади луѓе од општината, кои го негуваат македонскиот фолклор и традиционални песни и ора.

Рок на реализација: континуирано

**Трибини за неформално образование и подигнување на свеста кај младите за претприемаштво**

Општина Кривогаштани преку организирање јавни трибини и други настани ќе ги промовира важноста и потенцијалните придобивки од неформалното образование, со кое се подобруваат вештините, познавањата и способностите на младите луѓе и се зголемуваат можностите за нивно вработување. На трибините ќе се истакнат и можностите за младите, кои се создаваат преку развивање на претприемачката иницијатива, а ќе се презентираат и позитивни примери на успешни претприемачи и ќе се дискутира за поволностите што ги нуди државата за почнување сопствен бизнис.

Овие трибини ќе се организираат во соработка со Центарот за едукација од Прилеп и со Народниот универзитет од Прилеп, каде што и досега се организираат обуки за разни занимања и занаети.

Рок на реализација: континуирано

**Хуманитарна акција за помош на младите од социјалнозагрозени семејства**

Известување на веб-страницата на Општината за потребата од донирање парична помош, облека, спортска опрема, спортски реквизити со назив „Донирај!“.

Рок на реализација: 2013 – 2017 година

**Кампања на локално ниво за борба против зависностите на 21 век - дрога, алкохол, цигари**

Преку системот на образование, но и преку одржување трибини во населените места во општината ќе се влијае врз младите со цел избегнување на штетните последици од консумирање наркотични средства и алкохол.

Рок на реализација: континуирано

**Поддршка на доброволна крводарителска акција во која ќе учествуваат и спортисти**

Во соработка со Заводот за трансфузиологија од Прилеп ќе продолжиме со организирање доброволни крводарителски акции во Кривогаштани. Во овие акции ќе учествуваат и спортисти, со цел давање позитивен пример кај младите за подигнување на хуманитарната свест.

Рок на реализација: континуирано

# ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ

**Изработка на веб-страница на Општина Кривогаштани и редовно ажурирање на содржините со што ќе се овозможи граѓаните да бидат постојано информирани за активностите во Општината.**

Рок на реализација: 2013 година и континуирано

**Надградба на постојниот и воведување нов софтвер во рамките на општинската самоуправа, со цел подобрување на е-услугите, кои им се нудат на граѓаните.**
Рок на реализација: континуирано

## УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Изработка на планска документација за изградба на индустриска зона во село Славеј (КО Врбјани) и нејзино уредување**
Рок на реализација: 2014 – 2015 година

**Изработка на урбанистички план за населено место Кривогаштани – со површина од 12 хектари.**
Рок на реализација: 2013 – 2015 година

**Изработка на урбанистички план за населено место Воѓани - со површина од 5 хектари.**
Рок на реализација: 2013 – 2014 година

**Изработка на урбанистички план за населено место Подвис – со површина од 20 хектари.**
Рок на реализација: 2014 – 2015 година

**Изработка на урбанистички план за населено место Врбјани - со површина од 2 хектари.**
Рок на реализација: 2015 – 2016 година

**Набавка на нова механизација за соочување со отпадот**
Преку подобрување на функционирањето на јавното комунално претпријатие и набавка на нова механизација ќе го подобриме организираното изнесување смет од населените места Крушеани, Обршани, Бела Црква, Воѓани, Пашино Рувци, Боротино и од другите населени места.

Рок на реализација: 2013 – 2014 година

**Програма за енергетска ефикасност во општината**
Општина Кривогаштани секоја година ќе продолжи со донесувањето и со спроведувањето програма за подобрување на енергетската ефикасност и ќе презема мерки за заштеда на енергија.

Рок на реализација: континуирано

**Трибини за енергетска ефикасност и за намалување на емисијата на штетни гасови**
Општина Кривогаштани ќе се грижи за едуцирање на граѓаните како да живеат поеколошки, да не трошат многу електрична енергија и фосилни горива, а со тоа и да заштедат пари, но и да ја заштитат природата. Советите ќе се однесуваат на различните методи преку кои се троши помалку електрична енергија, а еден од нив е користење нови светилки, инсталирање сончеви колектори во поголем број домаќинства и др.

Рок на реализација: 2013-2017 година

**Проект: „Нула толеранција за дивите депонии“**
Со проектот ќе се спроведат акции за чистење на дивите депонии, а потоа сметот ќе се транспортира до регионалната депонија. Граѓаните ќе се вклучат во акцијата со доброволна работа, а покрај нив ќе се вклучат и фирми кои се занимаваат со собирање на

смет. Потоа, врз основа на дневна контрола, ќе се санкционира непочитувањето на прописите и создавањето диви депонии.

Рок на реализација: континуирано

# КОМУНАЛНИ РАБОТИ

**ВОДОСНАБДУВАЊЕ:**

**Изградба на експлоатациски бунар во бунарско поле во село Славеј**

Со проектот се предвидува изработка на техничка документација за изградба на нов експлоатациски бунар во близина на бунарот два во село Славеј. Со изградбата на бунарот ќе се обезбедат дополнителни количини вода и ќе се овозможи приклучување на други населени места во регионалниот систем за снабдување со вода на Кривогаштани.

**Средства:** 1.000.000 денари (буџет на Општината)

Рок на реализација: 2014 – 2015 година

**Изградба на доводен цевковод од приклучната шахта на регионалниот водовод „Студенчица“ кај село Житоше до резервоарот во Кривогаштани**

Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на доводен цевковод од регионалниот водовод „Студенчица“ на приклучната шахта кај село Житоше до резервоарот во Кривогаштани. Со изработената документација ќе може да се искористат средствата од кредитот од Европската инвестициска банка за изградба на водоводни системи.

**Извор на финансирање:** 600.000 денари (средства од ЕИБ за техничка документација), 3.000.000 денари за изградба (буџет на Општината и донатори)

Рок на реализација: 2014 – 2016 година

**Изградба на дистрибутивна водоводна мрежа во населено место Воѓани**

Со проектот се предвидува изградба на дистрибутивна водоводна мрежа во населено место Воѓани и нејзино приклучување на постојната главна водоводна линија.

**Средства:** 1.000.000 денари (средства од ЕИБ)

Рок на реализација: 2013 – 2014 година

**Изградба на доводен цевковод од Кривогаштани до главниот цевковод од „Студенчица“ за резервоарот во село Годивле**

Со проектот се предвидува изградба на доводен цевковод за вода од Кривогаштани до главниот цевковод, кој носи вода од регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“ за село Годивле. При недостиг од вода од „Студенчица“ ќе се врши дистрибуција на вода од општинскиот водоснабдителен систем на Кривогаштани до резервоарот во село Годивле, кој ги снабдува со вода населените места Годивле и Кореница.

**Средства:** 2.150.000 денари (буџет на Општината)

Рок на реализација: 2013 – 2015 година

**Изградба на ревизиски шахти на дистрибутивната мрежа во село Пашино Рувци**

Со проектот се предвидува да се изградат ревизиски шахти на јазлите на дистрибутивната мрежа во село Пашино Рувци.

**Средства:** 300.000 денари (буџет на Општината)

Рок на реализација: 2014 – 2016 година

**КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ:**

**Доизградба на фекална канализациска мрежа во Кривогаштани**

Со проектот се предвидува да се доизгради канализациската мрежа во Кривогаштани, која е почната во 2000 година. Доградбата на фекалната канализациска мрежа го опфаќа северниот дел од Кривогаштани. Должината на трасата изнесува 1.312 метри, а должината на спојот на домашната со уличната канализација изнесува 700 метри. Со проектот ќе се комплетира канализацијата во Кривогаштани, ќе се реши проблемот со отпадните води и ќе се заштити животната средина.

**Средства:** 5.640.000 денари (средства од ЕИБ)

Рок на реализација: крај на 2013 година

**Изградба на канализациска мрежа во село Славеј**

Проектот предвидува изградба на канализациска мрежа во село Славеј што ќе придонесе за поздрава и почиста животна средина на граѓаните во селото.

**Средства:** 5.300.000 денари (буџет на Општината и донации)

Рок на реализација: 2013 – 2015 година

**УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

**Уредување на централните подрачја со различни содржини, паркови и поплочување во населените места**

Проектот ќе опфати постепено уредување на просторот во централните подрачја на населените места преку поставување клупи, хортикултурно уредување, поплочување итн.

Рок на реализација: 2013 – 2017 година

# ЗЕМЈОДЕЛСТВО

**Отворање канцеларија на подрачната единица од Прилеп на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Во насока на поддршка на граѓаните што се занимаваат со земјоделство и со сточарство, ќе се залагаме во Општина Кривогаштани да се отвори канцеларија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Изградба на сточен пазар**

Со реализацијата на овој проект општина Кривогаштани ќе добие модерен сточен пазар, каде што граѓаните од општината и пошироко ќе можат да набавуваат крупен и ситен добиток.

Рок на реализација: 2014 – 2015 година

**Продолжување со трибините за добра земјоделска практика**

Општина Кривогаштани ќе продолжи со организирањето трибини на кои ќе покани и како пример ќе ги истакне успешните земјоделци, кои низ дискусија со присутните земјоделци ќе го презентираат сопственото искуство во конкретна земјоделска област. На трибините ќе се врши и непосредно советувања за употреба на добра земјоделска и хигиенска практика за сточарите за подобрување на квалитетот на млекото, производството на месо и за подобрување на приносот во поледелските култури и овоштарството.

Рок на реализација: континуирано

### Проект: „Полски пат“

Со изградба на повеќе полски патчиња на територијата на општината значително ќе се олесни пристапот на земјоделците до обработливите површини.

Рок на реализација: 2013-2017 година

### Промоција на потребата за органско производство

Органското производство, шумските плодови, чаевите и другите самоникнати растенија со кои изобилува околината, се сѐ побарани на пазарот. Оттаму, Општина Кривогаштани, во соработка со претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе го промовира и популаризира развојот на органското производство и собирањето и третманот на самоникнатите растенија.

Рок на реализација: 2013-2017 година

### Поддршка за искористување на средствата од ИПАРД

Со цел зголемувањето на искористувањето на средствата од програмите за финансиска поддршка и на ИПАРД, како и олеснување на пристапот на земјоделците од општина Кривогаштани до средства со кои ќе можат да го прошират сопственото производство, Општината ќе организира советувања за земјоделците со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и други стручњаци.

Рок на реализација: 2013-2017 година

## КУЛТУРА

### Уредување на Домот на културата и на киносалата во Кривогаштани

Со оглед на тоа што домот на културата е институција што во целост ќе ги организира сите културни настани во општина Кривогаштани, ќе го уредиме ентериерот на овој објект, со што ќе се обезбедат услови за негово непречено функционирање. Проектот опфаќа и доградување на влезниот дел од киносалата и нејзино внатрешно опремување, со што би се подобриле условите за одвивањето на културниот живот на граѓаните.

**Средства:** 1.000.000 денари (буџет на Општината и донации)

Рок на реализација: 2013 – 2014 година

### Поддршка на манифестацијата „Избор на најубава народна носија“

Оваа манифестација се одржува речиси 40 години и на неа учествуваат претставници од сите општини во Македонија.

Рок на реализација: континуирано

### Поддршка на културните друштва „Илинден“ од Кривогаштани и „Пелагонка“ од Обршани

### Организирање активности и манифестации во насока на промовирање и зачувување на културното наследство

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Ќе ја продолжиме да ја негуваме 80-годишната соработка со населеното место Мраморак од општина Ковин, Србија.

Ќе продолжиме со поддршка на проектот за унапредување на земјоделството, кој се спроведува во рамки на прекуграничната соработка меѓу Општина Кривогаштани, Техничкиот факултет од Битола, градот Лерин и Факултетот „Аристотел“ од Солун.

# БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Во следниот период континуирано ќе спроведуваме активности за засилување на капацитетот на Општина Кривогаштани за соочување со пожари.

- Проверки на екипираноста, формациската поставеност, степенот на обученост и подготвеноста на професионалната противпожарна единица.
- Организирање обуки за соочување со пожари на професионалната противпожарна единица, обуки во земјоделските и во шумските средини за соочување со пожари и обуки во образовните институции.
- Размена на искуства и меѓународна соработка во областа на противпожарната заштита, со посебен акцент на опасностите од пожарите во работната и во животната околина.

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- Социјализација на најмладите и нивно згрижување во предучилишните установи. ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за подобрување на условите за престој на најмладите во постојните детски градинки и за ширење на мрежата со нови.
- Обезбедување достоинствен живот на старите лица преку развој на сервисни служби за нив и развој на мрежата на домови за стари лица и преку поддршка на клубот на пензионери.
- Ширење на мрежата на институционални и на вонинституционални облици за социјална заштита на лицата со инвалидност, децата без родители и родителска грижа, како и за децата во социјален ризик.
- Во соработка со Центарот за социјални грижи од Прилеп, ќе овозможиме еден ден во неделата во општината да доаѓа лице од центарот со цел излегување в пресрет на потребите на граѓаните.

# ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

### Кампања во општина Кривогаштани за рано спречување рак на матка и на дојка

Во соработка со стручни лица ќе се организираат трибини на кои пред засегнати групи ќе се презентира потребата од превенција и од рано откривање рак на матка и на дојка. Исто така, на овие трибини ќе се презентира можноста за бесплатна вакцина против ХПВ за спречување на ракот на матката кај женската популација и за скенирање матка и дебело црево.

Рок на реализација: континуирано

### Бесплатни здравствени превентивни прегледи

Општина Кривогаштани, во соработка со Министерството за здравство, ќе организира пунктови за проверка на холестерол, гликемија во крв и ќе се грижи за навремено информирање на населението од нашата општина за можноста за бесплатни прегледи. На пунктовите ќе се делат брошури и материјали за промоција на здрав начин на исхрана и стил на живеење. Прегледите ќе ги вршат медицински екипи, а целта на оваа акција е поттикнување на свеста кај населението за потребата од навремени превентивни прегледи и за редовна контрола на своето здравје.

Рок на реализација: континуирано

### Систем за закажување термини за преглед

Општина Кривогаштани, во соработка со матичните лекари, активно ќе се вклучи во промоција на проектот „Мој термин“ со кој во голема мера ќе се придонесе кон намалување на времето на чекање на пациентите за одредени здравствени услуги и дијагностички процедури, пред сè, при посета на здравствените установи во Прилеп или Скопје.

Рок на реализација: континуирано

## ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

### Поправка и санација на магистралниот пат Кривогаштани – Бучин (Општина Крушево) – Вашареица (Општина Могила)

Овој пат е од особено значење за општината бидејќи ја поврзува со соседните општини, пред сè Битола, каде што голем дел од населението секојдневно патува заради извршување работни обврски.

Рок на реализација: 2014 – 2016 година

### Реконструкција на локален пат Пашино Рувци – манастир „Св. Ѓорѓија“ - во должина од 1.260 метри. Проектот се реализира во соработка со Владата на Република Македонија преку заем од Светска банка

**Средства:** 6.100.000 денари.

Рок на реализација: втора половина на 2013 година

### Изградба и асфалтирање на улици во населените места: Кривогаштани, Воѓани, Врбјани, Обршани и Славеј

Со проектот се предвидува изградба и асфалтирање на улици во населените места Кривогаштани, Воѓани, Врбјани, Обршани и Славеј. Средствата ќе бидат обезбедени во рамки на буџетот на Општината.

Рок на реализација: 2013 - 2016 година

### Уредување на улица „Маршал Тито“ во централното подрачје во Кривогаштани

Проектот ќе се спроведува во три фази, преку кои ќе се уреди централното подрачје во Кривогаштани и ќе бидат изградени два кружни тека.

**Средства:** 2.600.000 денари (буџет на Општината)

Рок на реализација: 2014 – 2016 година

### Изградба на јавен паркинг-простор до Сточниот пазар

**Средства:** 1.000.000 денари (буџет на Општината)

Рок на реализација: 2014 – 2015 година